**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД - Скопје (Друштвото), како и Одлуката на Одборот на директори за свикување на Собрание на Друштвото со Јавен повик, се објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
## за свикување на Собрание на Македонски Телеком АД – Скопје

Се свикува Собрание на Македонски Телеком АД – Скопје, коешто ќе се одржи на 4.4.2024 година со почеток од 11:00 часот, во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје, конференциска сала Атриум 2, 10 кат, со следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар.

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Предлог Одлука за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

Право на учество на седницата на Собранието има секој акционер на Македонски Телеком АД – Скопје, лично или преку од него овластен полномошник којшто ќе го застапува на Собранието со давање на полномошно во писмена форма во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва. Пријавите за учество на седницата на Собранието треба се поднесат најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието.

Акционерот е должен да го информира Македонски Телеком АД - Скопје по писмен пат за назначувањето на свој полномошник кој ќе учествува на седницата на Собранието, со поднесување на писмено известување до Право, усогласеност, заштита на лични податоци и корпоративни прашања Hub на Друштвото преку архива. Акционерот може да го поднесе известувањето за овластувањата дадени на полномошниците до Друштвото по електронски пат, на следнава e-mail адреса: IR@telekom.mk

Онаму каде што полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното. Полномошникот мора да води запис за добиените инструкции за гласање, ако имало такви, и да ги чува најмалку една година од денот на одржување на седницата на Собранието на која тој учествувал и гласал, како и да потврди дека ги извршил тие инструкции ако тоа му го побара Друштвото или акционерот од кого добил овластување.
Акционерите можат да добијат образец во печатена форма на Полномошното за учество и гласање преку полномошник во Дирекцијата на Македонски Телеком АД – Скопје, на „Кеј 13-ти Ноември“ бр. 6, Скопје, секој работен ден од 14:00 до 15:00 часот.

Списокот на акционери коишто го потврдиле своето учество на Собранието на Друштвото во име на Одборот на директори (ОД) го утврдува Претседавачот на Собранието на Друштвото.

Материјалите по Дневниот ред на Собранието на Друштвото ќе им бидат достапни за увид на акционерите на Друштвото во салата за прием на приземје во Дирекцијата на Македонски Телеком АД – Скопје, на „Кеј 13-ти Ноември“ бр. 6, Скопје, секој работен ден од 14:00 до 15:00 часот и на официјалната интернет страна на Македонски Телеком АД - Скопје – www.telekom.mk.

Акционерите на Друштвото кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во Дневниот ред. Барањето за вклучување на нови точки во Дневниот ред на Собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до Одборот на директори на Друштвото во рок од осум дена од денот на објавување на Јавниот повик.
Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.
Детални информации за начинот на предлагање точки на Дневниот ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите можат да се најдат на официјалната интернет страница на Македонски Телеком АД - Скопје.

**Одбор на директори**